*РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*
*РЕВИЗОРСКО ТЕЛО ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ*
*ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ*

ПОЕДНОСТАВЕНА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

ПОСТАПКА СО БАРАЊЕ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ СО ОБЈАВУВАЊЕ НА ОГЛАС, КОЈА СЕ СПРОВЕДУВА ВО ХАРТИЕНА ФОРМА БЕЗ КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКА АУКЦИЈА

# ЗА НАБАВКА НА УСЛУГА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА АВИОБИЛЕТИ БРОЈ 12/2014

Скопје, Април 2014 година

## Инструкции за понудувачите

**1. Договорен орган**

Договорен орган е Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош - Скопје, со адреса на ул. „Васил Главинов„ бр. 12/1, ТЦЦ Плаза, телефон за контакт 02/3215-621, факс 02/3222-304, електронска адреса IPA_AA@dzr.gov.mk, контакт лице Филип Филиповски.

**2. Предмет на договорот за јавна набавка**

2.1. Предмет на договорот за јавна набавка е набавка на услуга за обезбедување на авиобилети за период од 2 (две) години и тоа:

- Авионски билети за дестинации во Европа – економска класа.

Детален опис на предметот на договорот е даден во техничките спецификации во прилог на оваа тендерска документација.

2.2. Предметот на договорот е неделив. Економскиот оператор во својата понуда треба да ги вклучи сите составни делови. Во спротивно понудата ќе се смета за неприфатлива

**3. Начин на испорака / извршување на услугата**

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го извршува врз основа на (претходно) доставено писмено барање (по факс или e-mail) за потреба од набавка на авиобилети од страна на договорниот орган, секогаш кога ќе се јави потреба од конкретна резервација на авионски билети.

Договорниот орган го задржува правото да не ја исполни набавката во целост.

**4. Разлики во цена (корекција на цени)**

4.1. Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

**5. Рок на извршување на услугата**

5.1. Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата – предмет на договорот врз основа на писмено барање од страна на договорниот орган (по факс или e-mail), и да достави понуда најдоцна во рок од 1 (еден) работен ден од денот на приемот на писменото барање.

**6. Начин на плаќање**

Начин на плаќање е вирмански, со доставување на фактура по извршената услуга, со одложено плаќање во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата.

## 7. Право на учество

7.1. Економскиот оператор кој има една или повеќе негативни референци, групата економски оператори во која членува економски оператор кој има негативна референца, како и економскиот оператор кој претставува поврзано друштво со економскиот оператор кој има негативна референца, нема право на учество.

7.2. Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно и странско правно и физичко лице - понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка.

7.3. Право да достави понуда има и група на понудувачи без обврска за здружување во соодветна правна форма. Договорниот орган нема да бара од групата на понудувачи да се здружи во посебна правна форма доколку истата биде избрана за носител на набавката.

7.4. Составен дел од групната понуда е договор за поднесување групна понуда со кој членовите во групата економски оператори меѓусебно и кон договорниот орган се обврзуваат за извршување на договорот за јавна набавка. Овој договор потребно е да ги содржи следниве податоци: членот на групата кој ќе биде носител на групата, односно кој ќе ја поднесе понудата и ќе ја застапува групата, членот на групата кој во име на групата економски оператори ќе го потпише договорот за јавна набавка, членот на групата кој ќе ја издаде фактурата и сметка на која ќе се вршат плаќањата, краток опис на обврските на секој од членовите на групата економски оператори за извршување на договорот.

7.5. Сите членови на групата на понудувачи се поединечно и солидарно одговорни пред договорниот орган за извршување на своите обврски. Договорниот орган ќе комуницира со претставникот на групата на понудувачи.

7.6. Економскиот оператор во рамките на иста постапка за доделување на договор за јавна набавка може да учествува само во една понуда. Сите понуди ќе бидат отфрлени ако економскиот оператор:

- учествува во повеќе од една самостојна и/или како член во групна понуда или
- учествува како подизведувач во друга самостојна и/или како член во групна понуда.

7.7. Економскиот оператор може да учествува како подизведувач во повеќе од една понуда.

7.8. Доколку економската и финансиската состојба, односно техничката или професионалната способност е поддржана од друг субјект, понудувачот е должен поддршката да ја докаже со валиден доказ дека тој субјект ќе му ги

стави на располагање соодветните финансиски средства, односно соодветните технички или професионални ресурси (член 151 и член 154 од Законот)

7.9. Понудувачот може да ангажира подизведувачи. Доколку понудувачот има намера дел од договорот за јавна набавка да го отстапи на еден или повеќе подизведувачи, во понудата мора да наведе податоци за делот од договорот кој има намера да го отстапи на подизведувачи, како и податоци за сите предложени подизведувачи (фирма, седиште, единствен даночен број и слично). Понудувачот е одговорен пред договорниот орган за извршување на договорот за јавна набавка, без оглед на бројот на подизведувачите.

7.10. Лицата кои учествувале во изработка на тендерската документација не смеат да бидат понудувачи или членови во група на понудувачи во постапката за доделување на договорот.

## 8. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите

За да учествуваат во постапката за доделување на договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност:

### 8.1. Лична состојба

- во последните 5 години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
- на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност, и
- понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

### 8.2. Способност за вршење на професионална дејност

Понудувачот треба да е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или да припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

8.3. Техничка или професионална способност

8.3.1. За да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за јавна набавка од аспект на неговата техничка или професионална способност, економскиот оператор треба да ги исполнува следниве минимални услови:

- Понудувачот треба да е член во ИАТА групацијата (за тековната година);
- Понудувачот треба да поседува лиценца "А" за вршење на туристичка дејност (доколку понудувачот е туристичка агенција);
- Понудувачот мора да е поврзан на (барем еден) глобален светски резервациски систем за авиобилети (Амадеус, Галилео или друг соодветен глобален светски резервациски систем);
- Понудувачот треба да има минимум 3 резервациски терминали за авиобилети;
- Понудувачот треба да има минимум 5 вработени лица;
- Понудувачот треба да има минимум 3 лица од вработените кои поседуваат сертификат/лиценца за работа со глобален светски резервациски систем за продажба на авиобилети во редовниот меѓународен сообраќај (Амадеус, Галилео или друг соодветен глобален светски резервациски систем) издаден од овластен школски центар или школски центар на авио компаниите членки на асоцијацијата ИАТА.

8.4. Во случај на група економски оператори, сите членови на групата поединечно ја докажуваат својата лична состојба и способноста за вршење професионална дејност.

Ако економски оператори поднесат групна понуда, техничката и професионалната способност се докажува со земање предвид на ресурсите на сите членови во групата.

## 9. Начин на докажување на способноста на понудувачот

Понудувачот го потврдува исполнувањето на критериумите за утврдување на личната состојба со изјава која ја доставува во прилог на својата понуда. Исполнетоста на останатите критериуми за утврдување на способност, понудувачот ја докажува со доставување на потребната документација утврдена во овој дел од тендерската документација:

9.1. За докажување на личната состојба:

- изјава на понудувачот дека во последните 5 години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган;

- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност и
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност.

Документите од точка 9.1. не смеат да бидат постари од 6 месеци, а се доставуваат во оригинал или копија заверена од понудувачот на барање на комисијата. Ако договорниот орган се сомнева во документите за утврдување на личната состојба на понудувачот, тој го задржува правото да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната состојба.
Согласно со член 102, став 4 од Законот за јавните набавки, понудувачот не треба со својата понуда да ги достави горенаведените документи предвидени со законот како доказ за личната состојба. Наместо тоа, понудувачот поднесува изјава дека ги исполнува предвидените критериуми за утврдување на личната состојба, која е дадена во прилог на оваа тендерска документација. Комисијата ќе побара само од понудувачот чија понуда ја утврдила за најповолна да ги достави потребните документи за утврдување на неговата лична состојба.
Комисијата ќе прифати документи за утврдување на личната состојба кои се издадени и по денот на јавното отворање на понудите, но не подоцна до денот на донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

<u>9.2. За докажување на способноста за вршење на професионална дејност</u>
За докажување на способноста за вршење на професионалната дејност, понудувачот треба да достави со својата понуда документ за регистрирана дејност како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за јавна набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

<u>9.3. За докажување на техничката или професионалната способност:</u>
9.3.1 Економскиот оператор го докажува исполнувањето на минималните услови од потточка 8.3.1 со доставување на:

- Договор или сертификат за членство во ИАТА групацијата важечки за тековната година;
- Доколку понудувачот е туристичка агенција треба да достави копија од лиценца "А" согласно Законот за угостителска и туристичка дејност издадена од Министерството за економија;
- Склучен договор, важечки за тековната година за користење на барем еден глобален светски резервациски систем за авиобилети (Амадеус, Галилео или друг соодветен глобален резервациски систем);
- Изјава дека поседува минимум 3 резервациски терминал за авиобилети;
- Изјава дека има минимум 5 вработени со приложени фотокопии од М1/М2;
- Фотокопија од сертификат/лиценца на минимум 3 (три) вработени лица на економскиот оператор кои поседува сертификат/лиценца за работа со глобален светски резервациски систем за продажба на авиобилети во редовниот меѓународен сообраќај (Амадеус, Галилео или друг соодветен глобален светски резервациски систем) издаден од овластен школски центар или школски центар на авио компаниите членки на асоцијацијата ИАТА.

9.3.2 Изјавите ги изготвува и ги потпишува самиот економски оператор и тие не мора да бидат заверени од надлежен орган.

## <u>10. Појаснување, изменување и дополнување на тендерската документација</u>

### <u>10.1 Појаснување на тендерската документација</u>

10.1.1. Економскиот оператор може да побара појаснување на тендерската документација од договорниот орган, исклучиво во писмена форма, најдоцна 3 дена пред крајниот рок за поднесување понудите.

10.1.2. Појаснувањето договорниот орган ќе го достави до сите економски оператори што подигнале тендерска документација, без при тоа, да се идентификува економскиот оператор што побарал појаснување.

### <u>10.2 Изменување и дополнување на тендерската документација</u>

10.2.1. Договорниот орган го задржува правото најдоцна 3 дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања за објаснување поднесени од страна на понудувачите, да ја измени или да ја дополни тендерската документација, за што веднаш ќе ги извести сите економски оператори што неа ја подигнале.

10.2.2. Во случај на измена на тендерската документација, договорниот орган ќе го продолжи крајниот рок за доставување на понудата за најмалку 6 дена.

10.2.3. За продолжување на крајниот рок, договорниот орган писмено ќе ги извести сите економски оператори што подигнале тендерска документација.

## 11. Изготвување и поднесување на понудите

### 11.1. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во тендерската документација, со користење на обрасците дадени во прилог. Понудувачот подготвува еден оригинален примерок со ознака „оригинал". Понудата се пишува со неизбришливо мастило и ја потпишува овластено лице од страна на понудувачот. Сите страници на понудата, освен за неизменетата печатена литература, ги парафира лицето кое ја потпишува понудата. Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само доколку е парафирано од лицето кое ја потпишува понудата. Доколку понудувачот има намера дел од договорот за јавна набавка да го отстапи на еден или повеќе подизведувачи, во понудата мора да наведе податоци за делот од договорот кој има намера да го отстапи на подизведувачи, како и податоци за сите предложени подизведувачи (фирма, седиште, единствен даночен број и слично). Понудувачот е одговорен пред договорниот орган за извршување на договорот за јавна набавка, без оглед на бројот на подизведувачите.

### 11.2. Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба

Со понудата, понудувачот доставува и потпишана изјава со која потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба во целост утврдени во законот и во тендерската документација и дека ги има на располагање сите документи утврдени во тендерската документација за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на договорниот орган доколку неговата понуда биде избрана за најповолна.

### 11.3. Изјава за сериозност на понудата

Во прилог на понудата, понудувачот доставува и потпишана изјава за сериозност на понудата, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација. Доколку дојде до прекршување на дадената изјава за сериозност на понудата, истото ќе резултира со издавање негативна референца против таквиот понудувач на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки. Изјавата ја потпишува лицето што ја потпишува и понудата. Доколку лицето што ја потпишува изјавата се разликува од лицето што ја потпишува

понудата, во прилог се доставува и овластување за потпишување на изјавата.

<u>11.4. Изјава за независна понуда</u>

Во прилог на понудата, понудувачот доставува потпишана изјава за независна понуда, при што треба да го користи образецот на изјава даден во прилог на тендерската документација, каде е подетално објаснето нејзиното значење како и кои дејствија ќе се преземат доколку договорниот орган добие сознанија дека дадените наводи се невистинити.

Изјавата ја потпишува лицето што ја потпишува и понудата. Доколку лицето што ја потпишува изјавата се разликува од лицето што ја потпишува понудата, во прилог се доставува и овластување за потпишување на изјавата.

<u>11.5. Елементи на понудата</u>

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Образец на понуда (Прилог 1),
- Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба (Прилог 2),
- Изјава за сериозност на понудата (Прилог 3),
- Изјава за независна понуда (Прилог 4)
- Парафиран Нацрт-договор (Прилог 5)
- Документ за регистрирана дејност,
- Документи за докажување на техничката или професионалната способност.

<u>11.6. Јазик на понудата</u>

Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото кирилско писмо. Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата може да бидат на друг јазик, под услов да се придружени со точен превод на македонски јазик.

<u>11.7. Период на важност на понудата</u>

Периодот на важност на понудата ќе изнесува 90 дена од денот на јавното отворање за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

11.8. Затворање на понудата

Понудувачот го приложува оригиналниот примерок во затворен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса. Внатрешниот плик се приложува во затворен надворешен плик кој:

- е адресиран со точна адреса на договорниот орган,
- го содржи бројот на огласот,
- во горниот лев агол стои ознака „Не отварај", да не се отвора пред времето и датумот за отворањето на понудите.

Доколку двата плика не се затворени и обележани како што се бара, договорниот орган не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на понудата. Понудите кои се отворени предвремено или оштетени и притоа може да се види нивната содржина поради непридржување кон условите за затворање и обележување на истите, ќе се отфрлат како неуредни.

## 12. Краен рок и место за поднесување на понудите

12.1. Краен рок за поднесување на понудите е 08.05.2014 година во 12:00 часот.

12.2. Понудите се поднесуваат на следнава адреса: ул. „Васил Главинов„ бр. 12/1 -ТЦЦ Плаза – Скопје.

## 13. Јавно отворање и евалуација на понудите

13.1. Јавното отворање на понудите ќе се изврши на датумот и во часот утврдени како краен рок за поднесување на понудите во просториите на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош - Скопје ул. „Васил Главинов„ бр. 12/1 -ТЦЦ Плаза – Скопје

13.2. Понудувачот може да има свој овластен претставник на јавното отворање на понудите, при што овластениот преставник треба на Комисијата да и предаде писмено овластување од понудувачот.

13.3. Комисијата за јавни набавки ќе пристапи кон отворање на понудите доколку е пристигната и само една понуда.

## 14. Критериум за доделување на договорот

14.1. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка **е најниска цена.**

14.2 Како елемент на критериумот најниска цена се зема следниот:

***А) Износ за плаќање за TSC (ticket servis charge) изразен во МКД - 100 бода***

***Износот за плаќање за TSC (ticket service charge) изразен во МКД, без ДДВ, е износот кој Договорниот орган треба да го плати на Економскиот оператор заедно со авионскиот билет, а истиот се добива од Износот на TSC од кој се одзема Износот на дадениот попуст за TSC.***

12.2 Евалуацијата на понудите ќе се врши согласно со Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/08).

За носител на набавката ќе биде избран оној економски оператор кој ќе понуди најниска цена, а чија понуда претходно е оценета како прифатлива.

**14.3. Договорниот орган согласно член 123 од Законот за јавните набавки, при спроведувањето на постапката нема да користи електронска аукција,** заради специфичност на предметот на договорот за јавна набавка, а согласно одговор на прашање од Бирото за јавни набавки објавено на нивниот веб сајт во кои е наведено дека „Спроведувањето на аукции кај постапките кои што имаат предмет на набавка резервација на авиобилети е ОПЦИОНАЛНО, поради специфичноста на предметот на договорот на набавката. Тоа подразбира доколку договорните органи сметаат дека за конкретната постапка, каде што предмет на набавка е некоја од претходно наведените услуги, е премногу комплицирано да се спроведе електронска аукција и спроведувањето на истата нема да ги даде очекуваните резултати, може за истата да не користат електронска аукција, во согласност со членот 123 од Законот.“

Во случај, ако два или повеќе економски оператори понудат идентични износи во своите понуди, за носител на договорот за јавна набавка ќе се избере економскиот оператор кој прв ја доставил својата понуда во архивата на Ревизорското тело.

## 15. Посебни начини за доделување на договорот за јавна набавка

15.1. Договорот за јавна набавка ќе се додели со примена на постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас.

15.2. Оваа постапка нема да се спроведува со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН).

## 16. Доделување на договорот за јавна набавка

16.1. Договорниот орган, договорот му го доделува на економскиот оператор чија понуда има најниска цена, а чија понуда претходно е оценета како прифатлива.

16.2. Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена, за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој прв ја поднел понудата.

## 17. Известување за доделување на договорот за јавна набавка

17.1. Избраниот најповолен економски оператор ќе биде известен во писмена форма дека неговата понуда е прифатена, најдоцна во рок од 3 дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда. Во исто време, и сите други економски оператори ќе бидат известени за резултатите од тендерот, одлуката кој е најповолен економски оператор, како и за причините за неизбор на нивната понуда. Економските оператори што учествувале во постапката имаат право на увид во извештајот од спроведената постапка.

## 18. Правна заштита

Секој понудувач кој има правен интерес за добивање на договорот за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од овој закон, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за преземање дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка, во согласност со условите и постапката предвидени со Законот за јавните набавки.

## 19. Завршување на постапката за доделување на договор за јавна набавка

19.1. Постапката за доделување на договор за јавна набавка завршува на денот на конечноста на одлуката за избор или за поништување на постапката.

## Техничка спецификација за набавка на услуга за обезбедување на авиобилети за период од 2 (две) години

### Вовед

Согласно потребата од службени патувања на вработените во странство, Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош има потреба од услуги за обезбедување на авиобилети за одредени дестинации. Поради тоа Ревизорското тело покренува постапка за јавна набавка чиј што предмет ќе биде набавка на услуга за обезбедување на авиобилети за период од 2 (две) години за потребите на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош.

### Согласност со барањата (задачи и обврски на давателот на услугите)

Предмет на договорот за јавна набавка - услуга за обезбедување на авиобилети за период од 2 (две) години за службените патувања на вработените во странство, која спаѓа во категорија на услуга бр. 3 согласно Уредбата за услугите кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги на Владата на Република Македонија („Сл.весник на РМ, бр. 157/07), и тоа:

- Авионски билети за дестинации во Европа – економска класа.

### Други карактеристики:

- Авиобилети од редовните линии на авио компаниите;
- Дестинациите не можат однапред да бидат определени во целост од причина што не е можно однапред да се предвидат и определат сите можни дестинации за кои ќе се наметне потреба за резервација и набавка на авиобилети, но се очекува дека ќе бидат дестинации за градови во Европа.
- Конекциите за одделните дестинации да бидат со колку што е можно помалку време на чекање, со директни врски и без непотребни префрлања и чекања.
- Најповолна и најекономична понуда за бараната дестинација
- Да се овозможи максимална флексибилност во поглед на промена на бројот на патници, промена на дестинацијата и/или откажување на билетите се до моментот на издавање на авионскиот билет, односно најдоцна до работниот ден кога е издаден билетот.
- Да се доставува најмалку 2 (две) варијанти за бараната дестинација.

**Прилог 1 – Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број <u>12/2014</u> објавен од страна на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, за доделување на **<u>договор за јавна набавка на услуга за обезбедување на авиобилети</u>** со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://e-nabavki.gov.mk), и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>**

I.1. Име на понудувачот: ______________________________

I.2. Контакт информации

- Адреса: ______________________________
- Телефон: ______________________________
- Факс: ______________________________
- Е-пошта: ______________________________
- Лице за контакт: ______________________________

I.3. Одговорно лице: ______________________________

I.4. Даночен број: ______________________________

**Дел II – Техничка понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги: авионски билети за потребите на договорниот орган – Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристпана помош од редовните линии на авио компаниите и тоа:

- Авионски билети за дестинации во Европа – економска класа

II.2. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

**Дел III – Финансиска понуда**

III.1. Износот за плаќање за TSC согласно нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува:

| Р.бр. | Опис | Износ на TSC – (ticket service charge) во МКД | Износ на попуст за TSC во МКД | Износ за плаќање за TSC во МКД |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(3-4) |
| 1 | Авионски билети за дестинации во Европа – економска класа | | | |

III.1. Вкупниот износ за плаќање за TSC согласно нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: ________________________________________________ *[со бројки]* (______________________________________________) *[со букви]* денари.

III.3. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III. 4. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум　　　　　　　　　　Одговорно лице

________________________　　　　________________________

(потпис)

**Прилог 2 – Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба**

# И З Ј А В А

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудувачот ______________________________ *[се наведува назив на понудувачот]* во целост ги исполнува критериумите за утврдување на личната состојба на понудувачите утврдени во законот и во тендерската документација по огласот за доделување на договор за јавна набавка на услуга за обезбедување на авиобилети објавен од страна на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош со барање за прибирање на понуди и дека понудувачот ги има на располагање сите документи утврдени во тендерската документација за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на договорниот орган доколку нашата понуда биде избрана за најповолна.

Место и датум

______________________________

Овластено лице

______________________________

(потпис)

Прилог 3 – Изјава за сериозност на понудата

## И З Ј А В А

Јас, долупотпишаниот ________________________________________ [име и презиме], врз основа на член 47 став 1 од Законот за јавните набавки, а во својство на одговорно лице на понудувачот ____________________________________________, изјавувам дека во целост ја гарантирам содржината на понудата и дека понудата е валидна и правно обврзувачка за нас во сите нејзини делови до истекот на периодот на нејзината важност.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од прекршување на оваа изјава во случаите од член 47 став 6 од Законот за јавните набавки, што ќе доведе до издавање негативна референца од страна на договорниот орган против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

Место и датум Одговорно лице

_________________ ______________________

Прилог 4 – Изјава за независна понуда

## И З Ј А В А

Јас, долупотпишаниот ________________________________________ [име и презиме], врз основа на член 129 став 2 од Законот за јавните набавки, а во својство на одговорно лице на понудувачот ________________________________________, под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудата во постапката со барање за прибирање на понуди **<u>бр. 12/2014 за доделување договор за јавна набавка на услуга за обезбедување на авиобилети</u>** ја поднесувам независно, без договор со други економски оператори на начин кој не е спротивен на прописите за заштита на конкуренцијата, како и дека во постапката не учествувам со други економски оператори со кои сум капитално, сопственички или роднински поврзан.

Исто така, изјавувам дека сум целосно свесен за последиците од давање на невистинити наводи во изјавата, што ќе доведе до поведување на соодветна постапка против понудувачот во чие име и за чија сметка сум овластен да ја дадам оваа изјава.

Место и датум　　　　　　　　　　　　　　Одговорно лице

_________________　　　　　　　　　　　　______________________

Прилог 5 – Нацрт – договор

## НАЦРТ - ДОГОВОР

**Набавка на услуга за обезбедување на авиобилети**
**за период од 2 (две) години**

Склучен помеѓу:

1. **Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош - Скопје**, ул. „ Васил Главинов„ бр.12/1, ТЦЦ Плаза, со ЕМБС 6702031, претставуван од Главниот ревизор за ИПА, Лепосава Апостоловски Велинов (во понатамошниот текст: **Договорен орган**) и

2. ________________________________________, со седиште на ул. _____________________________, ЕМБС _______________, ЕДБ __________________, претставувано од ________________________________________ (во понатамошниот текст: **Економски оператор**)

*ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ*

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски на Договорниот орган и Економскиот оператор во врска со набавката на услуги за обезбедување на авиобилети за период од 2 (две) години по јавна набавка број 12/2014, по види карактеристики согласно Понудата на економскиот оператор со постигната најповолна цена за услугата, согласно тендерската документација и Понудата на економскиот оператор која е составен дел на овој Договор, по спроведена постапка со барање за прибирање на понуди.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Вкупната вредност на овој Договор изнесува до ___________ денари со вклучен ДДВ.

Износот на TSC, без ДДВ, изнесува ________ денари, износот на попуст на TSC, без ДДВ, изнесува ___________ денари и Износ за плаќање за TSC вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува ___________ денари, согласно Понудата во прилог на овој Договор.

Договорниот орган нема обврска да ја реализира во целост вредноста на Договорот.

**Член 3**

Цената на услугите, поединечно и вкупно, ќе се одредува според видот и обемот на услугите, усогласена со Понудата на Економскиот оператор, која е составен дел на овој договор.

НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 4**

Договорниот орган се обврзува плаќањето да го врши вирмански, по доставувена фактура по извршената услуга од Економскиот оператор, со одложено плаќање во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата. Фактурата која покрај другите елементи пропишани со Закон, треба да ги содржи и следните елементи:

- релација
- период на реализација на патувањето
- лица кои патувале
- цена на авиобилетот без TSC
- TSC
- Износ на одобрен попуст на TSC
- Износот за плаќање за TSC
- Износ на аеродромски такси
- Вкупната цена на авиобилетот
- Потпис на одговорното лице

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Времетраењето на овој Договор е 2 /две/ години со важност од денот на потпишувањето или најмногу до вредноста определена во член 2 на овој договор.

НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА

**Член 6**

Реализација на Договорот ќе се врши на тој начин што Договорниот орган ќе достави писмено барање (по факс или е-маил) до Економскиот оператор, кое ги содржи следните податоци: почетна и крајна дестинација на патувањето, датум на поаѓање и враќање, вкупен број на авионски билети и лицата за кои треба да се изврши резервација.

Економскиот оператор за поднесеното барање од страна на Договорниот орган доставува најмалку 2 (две) варијанти за бараната дестинација.

Понудата треба да содржи: почетна и крајна дестинација на патувањето, датум и час на поаѓање и на враќање, класата на авионскиот билет, компанијата преку која ќе се реализира патувањето, имињата на лицата кои ќе патуваат, составните елементи на цената, одобрениот попуст и крајната цена на авионскиот билет. Економскиот оператор доставува најповолна и најекономична понуда за бараната дестинација.

Во цената од понудата економскиот оператор мора да го вклучат и посебно да го изразат попустот за TSC, кој не смее да биде понизок од попустот искажан во понудата.

Договорниот орган го известува Економскиот оператор за избраната понуда.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ

**Член 7**

Договорниот орган се обврзува до економскиот оператор навремено да доставува барање за набавка на авионски билети и тоа во писмена форма ( по факс или е-маил).

Договорниот орган се обврзува по извршениот избор, писмено да го извести економскиот оператор за избраната понуда.

**Член 8**

Економскиот оператор се обврзува навремено да го известува Договорниот орган и да достави понуда, која треба да ги содржи елементите утврдени со член 6 од Договорот.

Економскиот оператор треба да овозможи максимална флексибилност во поглед на промена на бројот на патници, промена на дестинацијата и/или откажување на билетите се до моментот на издавање на авионскиот билет, односно најдоцна до работниот ден кога е издаден билетот.

Економскиот оператор се обврзува, откако ќе биде известен која понуда е прифатена да изврши резервација на авионскиите билети.

**Член 9**

Економскиот оператор се обврзува дека нема да врши корекција на цените на авионските билети, односно цените искажани во понудата ќе бидат фиксни за одредена дестинација до денот на подигањето, односно испораката на авионските билети.

ВИША СИЛА

**Член 10**

Договорните страни се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон другата за загуба, штета, повреда, или неизвршување на одредбите од овој Договор, кои се предизвикани со дејство на виша сила.

Под виша сила се подразбира она што е регулирано со Законот за облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или услови за раскинување на Договорот.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 11**

Овој Договор се смета за склучен и стапува во сила на денот на неговото потпишување од двете договорни страни, односно на денот кога е потпишан од договорната страна која последна го потпишала, во случај

договорот да не е потпишан во ист ден од двете договорни страни и важи до неговата целосна реализација.

Договорот може да се раскине и пред неговото извршување, со претходна согласност од двете договорни страни, под услови предвидени со Законот за облигациони односи. Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или раскинување на овој Договор.

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање. Доколку тоа не даде резултат сите спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

**Член 12**

За се што не е предвидено со овој Договор, ќе се применува Законот за облигациони односи и позитивните законски прописи во Република Македонија.

**Член 13**

Овој Договор е изработен во 4 /четири/ еднообразни примероци, од кои 2 /два/ за Договорниот орган и 2 /два/ примероци за Економскиот оператор.

| ДОГОВОРЕН ОРГАН | ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР |
| --- | --- |
| Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош | |
| **Главен ревизор за ИПА** | |
| **Лепосава Апостоловски Велинов, ОДР** | |

Составен дел на овој Договор е:

а) Понудата на Носителот на набавката